20250861883

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВРОПСКИ РАБОТНИЧКИ СОВЕТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за Европски работнички совет,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2025 година.

Бр. 08-2348/1
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВРОПСКИ РАБОТНИЧКИ СОВЕТ

Член 1

Во Законот за Европски работнички совет („Службен весник на Република Македонија“ број 6/12 и 147/15), во член 39 во ставот (1) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 2

Во член 39-а во ставот (4) зборовите: „Министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд”.

Член 3

Во член 41 во ставовите (2) и (9) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Ставот (10) се менува и гласи:

„(10) Министерството за економија и труд - Државниот инспекторат за труд за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб-страниците на Министерството за економија и труд и на Државниот инспекторат за труд, на унифициран квартален преглед.“.

Член 4

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".